СДСМ
И КОАЛИЦИЈАТА

5

# АНЕС АХМЕТИ

за Маврово и Ростуше



## СЕ БОРИМЕ ЗА НАШИОТ ДОМ!

СЕ БОРИМЕ
ЗА НАШИОТ ДОМ!



„ЗАЕДНО ЌЕ ГО ИЗГРАДИМЕ МАВРОВО И РОСТУШЕ СО КОЈ СИТЕ ЌЕ СЕ ГОРДЕЕМЕ.“

**Драги мои сограѓани,**

Јас сум, пред сè, жител на Општина Маврово и Ростуше, родител и човек што ја сака оваа земја и оваа општина со целото срце. Секојдневно ги гледам маките и потребите со кои се соочуваме, но и неисцрпниот потенцијал што го носиме. Верувам дека Маврово и Ростуше може да биде општина што нуди можности за сите луѓе, особено за младите и што создава безбеден и достоинствен живот за секое семејство.

Со години сум со вас и знам дека колку и да имаме различности, нè обединува желбата за подобар живот. Од патишта и училишта, преку поддршка за локалните бизниси, до нови програми за младите – сето тоа е доказ дека кога работиме заедно, можеме да постигнеме многу. Знам дека граѓаните сакаат дела, а не празни зборови.

Мојата визија за Маврово и Ростуше е општина што се развива правично, каде што сите имаат еднакви шанси. Ќе се борам за општина со современа инфраструктура, квалитетни јавни услуги, силна поддршка за младите и семејствата и за транспарентна општина што не крие ништо од своите граѓани.

Сакам да изградиме општина што ќе ги задржува младите дома, каде што ќе се враќаат оние што заминале, не само преку лето туку засекогаш. Нека Маврово и Ростуше биде пример за солидарност, развој и надеж. Ние не ветуваме чуда, туку чесна работа и резултати во кои секој ќе се препознае. Ве повикувам да ми ја дадете довербата. Заедно ќе го изградиме Маврово и Ростуше со кој сите ќе се гордееме.

Со почит и благодарност...

**СЕ БОРИМЕ ЗА НАШИОТ ДОМ!**



# Советничка листа на Социјалдемократскиот сојуз на Македонија и коалицијата за Општина Маврово и Ростуше

Ние, кандидатите за советници, сме ваши соседи и пријатели.
Општината ја градиме заедно, со секој наш чекор и секоја идеја. Ние сме ваши сограѓани што веруваат дека секој човек заслужува глас, секое дете безбедно место за игра, а секое населено место чист и пријатен дом. Ќе се залагаме за чиста животна средина, за услуги што помагаат, економија што ги поддржува луѓето и заедница што обединува. Заедно можеме да создадеме општина каде што секој е видлив, слушнат и ценет, и сите ќе се гордееме што живееме тука.

1. д-р Теута Мирто, р. 1974 , доктор, СДСМ
2. Емсел Шабани, р. 1989, професор по информатика, СДСМ
3. Един Исмаили, р. 1993, раководител во приватна фирма, СДСМ
4. Драгче Давидовски , р. 1988, економски техничар, СДСМ
5. Кемил Исметовиќ, р. 1995, професор по германски јазик, СДСМ
6. Азра Зунуни, р. 1997, дипломиран политиколог, СДСМ
7. Елмина Ибраими, р. 1997, медицинска сестра, СДСМ
8. Гадафи Абази, р. 1976, електротехничар, СДСМ
9. Анис Салиу, р. 1998, дипломиран криминалист, СДСМ
10. Александра Матеска, р. 1979, шумарски инженер, СДСМ
11. Емилија Аврамовска, р. 1990, деловен секретар, СДСМ

# КАКВА Е СОСТОЈБАТА?!

Нашата држава се наоѓа на сериозна пресвртница. Премногу долго се потиснуваат реалните проблеми зад статистички извештаи и политички декларации. Вистината не може да се крие во розови интерпретации на податоци од разни табели – таа се слуша од гласот на граѓаните, од нивните секојдневни борби, стравови и стремежи.

Ние нема да ги игнорираме тие гласови. Ние ги слушаме, ги разбираме и дејствуваме. Нашата програма нема да се темели врз празни ветувања, туку врз соочување со реалноста, со изгубената надеж од предолгата транзиција на општеството, заковените европски интеграции и сè поизразената злоупотреба на власта.

Подолу ги претставуваме клучните предизвици со кои се соочуваме како општество. Време е да се соочиме со нив, без страв и без одлагање.

- **Значајно е намалена безбедноста на граѓаните**
- Здравствени ризици од енормно загадување
- Сообраќајна небезбедност
- Инфраструктурни недостатоци
- Кучиња скитници





## Институционална нефункционалност

- Партизација и слаб институционален капацитет
- Нехумано урбанистичко планирање
- Лошо одржување на инфраструктурата
- Еколошка деградација

## Корупцијата во јавните услуги

- Клиентелизам и непрофесионална јавна администрација
- Узурпации и непланско градење
- Неконтролирана експлоатација на ресурси
- Одолговлекување на постапки, наместо дигитализација

## Економска несигурност и масовно иселување

- Висока инфлација која ги топи платите
- Недоверба во системот
- Несоодветни јавни политики
- Бесперспективност







СЕ БОРИМЕ ЗА НАШИОТ ДОМ!

# НАШИОТ ПРИСТАП

Свесни за состојбите, за разочараноста на граѓаните и за политичката апатија што владее во општеството, храбро ја преземаме одговорноста да бидеме политички медиум преку кој граѓаните ќе можат да го направат посакуваниот целосен рестарт на системот.

Нашиот пристап се базира врз четири клучни столба околу кои би гравитирале сите стратегии, политики и проекти на СДСМ на претстојните локални избори и во време на мандатите на нашите градоначалници и членови на совети, кои ќе имаат реално позитивно влијание врз локалното население.

Ова не е само политичка платформа. Ова е повик за обнова на довербата, на системот, на иднината.



- **Младите во фокусот – Нова парадигма за здрав и одржлив развој**

- Градиме здрави и демократски свесни индивидуи
- Да бидеме поле за здрав и одржлив развој наместо расадник за светот
- Младите се нашата иднина и надеж – лесно достапно домување



## Чиста и здрава животна средина

- Беспрекорна комунална хигиена
- Чист воздух преку справување со изворите на загадувањето
- Расчистување на дивите депонии



## Функционален и безбеден јавен простор

- Хуман урбанизам – резиденцијални и културни/социјални хабови
- Сообраќајна безбедност
- Модерен и лесно достапен јавен превоз
- Зголемена мобилност



## Општини по мерка на граѓаните

- Отворени општини за граѓаните
- Да се слушне гласот на граѓаните
- Отчетни општини – нулта корупција
- Услужни и ефикасни општини



# ШТО НАПРАВИВМЕ НИЕ:

Општиот впечаток е дека во изминатите осум години се реализирани проекти повеќе отколку во пет мандати на претходниците.

Реализирани се проекти речиси во сите населени места. Ова се само дел од проектите:

- Реконструкција на локален пат во с. Велебрдо и изградба на атмосферска канализација - 2018 година.
- Рехабилитација на паркинг и улици во с. Маврово - 2019 година. Изградба на нова општинска зграда - 2019 година.
- Реконструкција со доградба на локален пат во с. Ростуше - 2019 година.
- Рехабилитација на локален пат во с. Присојница - 2019 година.
- Реконструкција на водоводна мрежа во село Требиште - 2019 година.
- Набавка на механизација за потребите на општината: два ровокопачи и три трактори.
- Рехабилитација на локален пат во с. Скудриње - 2020 година.
- Изградба на паркинг простор во с. Жировница - 2020 година. Изградба на локален пат од с. Присојница до с. Аџиевци - 2021 година.
- Реконструкција на локален пат с. Сретково - 2021 година.
- Рехабилитација на локален пат за с. Битуше до Бигорски скит - 2022 година.
- Уредување на паркинг простор во с. Скудриње 2022 година.
- Реконструкција на водоводна линија во с. Церово - 2023 година.
- Санација и реконструкција на општински пат во с. Јанче - 2023 година.

- Реконструкција на улица изградба на паркинг простор во с. Ростуше - 2024 година.
- Санација на резервоар за вода с. Леуново - 2024 година.
- Реконструкција на патот до с. Врбен - 2022 година.
- Изградба на нова водоводна линија во с. Аџиевци - 2024 година.
- Изградба на нова водоводна линија во с. Скудриње - 2021 година.
- Изградба на водоводна линија во с. Жировница – 2025 година
- Изградба на нова водоводна линија во с. Присојница – 2024 година
- Реконструкција на улица во Маврови Анови – 2025 година

СЕ БОРИМЕ
ЗА НАШИОТ ДОМ!



# МОЈАТА ВИЗИЈА

- **Зошто се кандидирам повторно и кој е мојот мотив?**

Се кандидирам повторно затоа што Маврово и Ростуше е мојот дом, мојата заедница и мојата одговорност. Не можам да стојам настрана кога го гледам секојдневниот хаос на улиците, недостигот од инфраструктура, скитничките кучиња, загадениот воздух и неподносливата нечистотија. Мојот мотив е љубовта кон граѓаните и желбата да направам разлика што секој ќе ја почувствува. Верувам дека со искреност, знаење и посветеност можеме да го направиме Маврово и Ростуше град што ќе биде гордост за сите – младите, семејствата и идните генерации.

- **Важноста на визијата за општината и општеството**

Визија не е само збор – тоа е светло што покажува пат. Без визија, се движиме на

слепо. Јас имам јасна визија за Маврово и Ростуше: модерен, зелен, уреден и функционален град. Но визијата не завршува само со улиците и инфраструктурата – потребна е и визија за целото општество, за образование, здравство, култура, економија и перспективи за младите. Со јасна стратегија можеме да создадеме средина каде што секој ќе се чувствува виден, слушнат и важен, каде што секој глас има значење, а секоја идеја може да се реализира.

- **Приоритети за следниот мандат**

Следниот мандат треба да донесе реални и видливи промени. Не е доволно само да се постави асфалт или нови улици – потребни се интегрирани проекти што ќе ја подобрат секоја сфера на животот. Модернизација на јавниот транспорт, уредување на парковите и јавните површини, поддршка за локалниот бизнис, создавање можности за младите, обезбедување здрави услови за семејствата – ова се приоритети што носат вистинска разлика и влијаат врз квалитетот на секојдневниот живот.

- **Младите како клучен фактор за развој**

Младите се иднината на Маврово и Ростуше. Ако не ги слушаме, ако не им обезбедиме образование, работа, спорт и културни активности, тие ќе заминат. Наша обврска е да ги задржиме, да им дадеме простор да се развиваат, да ги мотивираме и да им покажеме дека тука има перспектива. Градот што ги цени младите создава иднина за сите генерации.

- **Безбедноста на граѓаните**

Безбедноста е основно право. Секој човек треба да се чувствува сигурно на својот пат до работа, училиште или продавница. Подобрено осветлување, контрола на сообраќајот, превентивни програми и соработка со полицијата се клучни. Безбедноста е основа на довербата и мирот во заедницата, и тоа е нешто за што ќе се бориме постојано.

- **Планирање на просторот и мобилноста**

Добро планиран простор и мобилност значат полесен и поорганизиран живот. Јавниот превоз, велосипедските патеки, пешачките зони, уредувањето на улиците и парковите се инвестиција во квалитетот на секојдневниот живот. Стратегијата за урбан развој ќе интегрира транспорт, инфраструктура и зелени површини, за да обезбеди функционален, модерен и убав град за живеење.

# СЕ БОРИМЕ ЗА НАШИОТ ДОМ!

- **Загадување и чистота**

Не сме осудени да живееме во ѓубре и отровен воздух. Загадувањето, дивите депонии и нечистотијата сериозно го уништуваат здравјето и иднината на децата. Потребни се системски решенија: редовно собирање отпад, контрола на депониите, воведување зелени технологии и едукација на граѓаните. Секој заслужува чист воздух и здраво животно опкружување, и за тоа ќе се бориме со конкретни акции.

- **Доверба и транспарентност**

Довербата се гради со дела. Подобрувањето на општинските услуги, транспарентноста и отвореноста кон граѓаните создаваат надеж. Кога граѓаните ќе видат дека нивните идеи и потреби се слушнати и реализирани, повторно ќе се врати вербата дека заедно можеме да градиме подобро утре. Отвореноста и комуникацијата со граѓаните ќе бидат постојана практика, а не само изборна кампања.

- **Иселување и наталитет**

Без луѓе нема иднина. Иселувањето и падот на наталитетот се најголеми предизвици со кои се соочуваме. Мораме да создадеме услови што ќе ги задржат младите и семејствата: работа, образование, безбедна околина, можности за развој и квалитетен живот. Градот треба да биде место каде што секој сака да остане, да расте и да создава иднина за себе и за своите деца.

- **Зошто граѓаните да гласаат за мене?**

Јас нудам посветеност, искреност и реални решенија. Моите ветувања се темелат врз слушање на граѓаните и спроведување на конкретни проекти што навистина можат да се реализираат. Разликата е во тоа што јас ја сакам заедницата и ќе работам секојдневно за секој граѓанин, без разлика на возраст, професија или социјален статус. Заедно можеме да го создадеме Маврово и Ростуше, кое ќе биде гордост за сите нас и иднина на нашите деца.



- **Зошто се кандидирам повторно?**

Маврово и Ростуше е мојот дом. Го чувствувам секој предизвик. Сообраќајниот хаос, нечистите улици, скитничките кучиња – сето тоа влијае врз нашиот живот. Се кандидирам затоа што можам да направам промена што секој ќе ја почувствува. За општина што ќе биде гордост за сите нас.

# СЕ БОРИМЕ ЗА НАШИОТ ДОМ!

За Маврово и Ростуше

**СДСМ**
**И КОАЛИЦИЈАТА**

**СЕ БОРИМЕ ЗА НАШИОТ ДОМ!**

# ЗАЕДНО ДА ГИ МЕНУВАМЕ СОСТОЈБИТЕ!



Нашата визија за Маврово и Ростуше не е само изградба на модерна инфраструктура, туку создавање општина во кој секој човек се чувствува рамноправен, почитуван и вклучен. Вистинската промена доаѓа преку учество на сите генерации, групи и заедници. Затоа, заедно ги менуваме состојбите со политики и капитални проекти што носат долгорочна корист за младите, жените, пензионерите, семејствата, за образованието, културата, спортот, транспортот и животната средина.

- **Млади:**

Ќе вложуваме во младите како двигатели на иднината. Ќе го поддржиме Локалниот младински совет за да бидеме општина каде што младите ќе можат да работат и да создаваат проекти во нови бизниси и капацитети од лесна и незагадувачка индустрија.



- **Жени:**

Ќе обезбедиме програми за еднакви можности при вработување, дополнителни обуки и грантови за женско претприемаштво. Нашата цел е жените да имаат еднаков пристап до ресурси, позиции и јавниот живот.

- **Пензионери:**

Ќе организираме културни и спортски активности во пензионерските домови и ќе обезбедиме бесплатни превентивни здравствени прегледи.

- **Образование:**

Ќе ги подобруваме условите за настава во сите училишта во општината. Ќе ја  зголемиме еднократната финансиска помош за првачињата и студентите во нашата општина.

# ЗАЕДНО ДА ГИ МЕНУВАМЕ СОСТОЈБИТЕ!

- **Култура и спорт:**

Ќе изградиме детски забавни паркови во населените места за најмладите. Ќе изградиме спортски терени за младите да имаат можности за здрави навики.

- **Животна средина:**

Ќе инвестираме во унапредување на капацитетите на комуналното претпријатие во справување со цврстиот и градежниот отпад. Ќе организираме систематски акции за чистење со помош на Јавното претпријатие за комунални дејности, општествено одговорни компании и вклучување волонтери и пошироката заедница.





- **Здравство и безбедност:**

Ќе продолжиме да го помагаме здравствениот дом „Д-р Русе Бошкоски“ со современа медицинска опрема. Ќе се воведат бесплатни превентивни контроли. Паралелно, ќе се зајакне уличното осветлување во сите населени места во општината.

- **Транспарентност:**

Ќе изградиме целосно отворена општина – сите проекти и трошоци ќе бидат јавно објавени на дигитална платформа достапна за секој граѓанин.

**Нашата визија е јасна: Маврово и Ростуше како модерна општина, со капитални проекти што ќе ја променат општината и ќе направат достоинствен дом за сите генерации.**

СЕ БОРИМЕ
ЗА НАШИОТ ДОМ!

# КАПИТАЛНИ ПРОЕКТИ

## Уредување на канализациона мрежа во с.Маврово



Маврово е населено место со најголем број жители во Мавровскиот Регион, како и место каде што се наоѓа скијачкиот центар и голем број угостителски објекти и викенд-куќи. Ова населено место нема соодветна канализациска мрежа за регулирање на отпадните води.

Овој проект ќе се реализира во неколку фази:

- Најпрво ќе изработиме проектна документација што ќе го опфати целото населено место.
- Ќе се предвиди изградба на примарна и секундарна мрежа, како и прочистителна станица.
- Во овој проект ќе бидат опфатени сите угостителски објекти, како и сите домови и викенд-куќи.
- Изградбата на канализациската мрежа ќе се одвива во неколку фази по блокови како што е поделено населеното место.

**Влијание на проектот:**
Со реализацијата на овој проект ќе се реши повеќедецениските проблем на село Маврово, со што сите отпадни води ќе бидат канализирани до прочистителна станица по што водите ќе се влеваат во Мавровското Езеро без да го загадуваат.

**Целна група:**
Сите жители

**Рок на реализација** 2028 година
**Буџет** 1.500.000 €



## Уредување на спортско-рекреативен центар кај спортската сала „Македонија" во близина на село Ростуше

Во близина на спортската сала „Македонија" ќе изградиме спортско-рекреативен центар, кој ќе опфаќа спортски терени за мал фудбал, кошарка, одбојка и тенис, забавен парк со повеќе содржини за најмладите, како и партерно и хортикултурно уредување на просторот. Овој спортско-рекреативен центар ќе претставува место каде што граѓаните ќе можат активно да спортуваат, да се рекреираат и да се дружат во безбедна и модерна средина.

**Влијание на проектот:**
Со овој проект ќе се обезбеди простор за младите и за сите возрасни категории да се занимаваат со спорт и рекреација.

**Целна група:**
Млади, семејства, спортисти

**Рок на реализација**
2027 година

**Буџет** 400.000 €

# КАПИТАЛНИ ПРОЕКТИ

## ■ Уредување на нова пристапна патека до водопадот Дуф во село Ростуше

Водопадот Дуф, лоциран во близина на село Ростуше, претставува едно од највпечатливите природни богатства во Националниот парк Маврово. Со својата природна убавина и свежа микроклима, водопадот е популарна туристичка дестинација за домашни и странски посетители. Сепак, постојната пристапна патека до водопадот е во незадоволителна состојба – со оштетени делници, неозначени правци и недоволна инфраструктура што овозможува безбеден и пријатен пристап за сите категории посетители.

Целта на проектот е уредување и обележување на нова пристапна патека до водопадот Дуф, со цел подобрување на безбедноста и пристапноста за туристите и за локалните жители, подобрување на туристичката понуда во регионот и поттикнување на одржлив рурален развој во селото Ростуше.

Проектот предвидува најпогодна и најбезбедна маршрута што ќе го минимизира влијанието врз животната средина, отстранување на ниска вегетација, карпи и други пречки, поставување дрвени скалила, огради на ризични места и дренажни канали, ознаки со насоки, информации за флора и фауна, и безбедносни препораки, изградба на одморишта, мали дрвени клупи и платформи за одмор и фотографирање и поставување канти за отпадоци: За зачувување на чистотата на природата.

**Влијание на проектот:**
Овој проект ќе придонесе за побезбеден пристап до водопадот Дуф, како и подобрување на туристичката понуда и поголема промоција на целиот регион.

**Целна група:**
Сите жители и посетители од државата и странство.

**Рок на реализација**
2027 година

**Буџет**
100.000 €

# ПРОЕКТИ

## Уредување на центарот на село Ростуше

Центарот на село Ростуше е место каде што се собираат сите жители на селото и општината. За поубав изглед, ќе се направи преуредување на просторот, ќе се реконструира игралиштето и трибините над кои ќе се постави покрив, ќе се постави нова ограда, ново улично осветлување, нови клупи и хортикултурно уредување на просторот. Исто така, ќе се постави бесплатен WI-FI во центарот за локалните жители и посетителите.

**Влијание на проектот:**

Трансформација на центарот на селото во попријатно место за поминување на слободното време.

**Целна група:**

Сите жители и посетители

**Рок на реализација**

2026 година

**Буџет**

50.000 €

## Санација на резервоар на Белички Извори

Резервоарот на Белички Извори е во лоша состојба поради што доаѓа до загуба на водата. Овој проект предвидува внатрешна и надворешна реконструкција, поправка на пукнатини и оштетени делови, обнова или замена на хидроизолација, заштита од корозија и обнова на покривот на резервоарот. Резервоарот повторно ќе се поврзе со водоводната мрежа за да може населението непречено да се снабдува со чиста и здрава вода за пиење.

**Влијание на проектот:**

Со овој проект ќе се зголеми капацитетот на водата и нема да има загуби на вода, со што ќе се подобри квалитетот на водата и редовното снабдување со вода за пиење за сите жители и посетители.

**Целна група:**

Сите жители и посетители на село Маврово

**Рок на реализација** 2026 година

**Буџет** 50.000 €

# ПРОЕКТИ

## Проширување на локалниот пат за с. Жировница

Локалниот пат за село Жировница на повеќе места е тесен и нема можност за непречено разминување на две возила. Со овој проект ќе се изврши проширување на коловозот, асфалтирање, уредување на банкините и одводните канали, изградба на потпорни и заштитни ѕидови, како и поставување соодветна сообраќајна сигнализација.

**Влијание на проектот:**
Со овој проект движењето на возилата ќе се одвива непречено и ќе се зголеми безбедноста на сите учесници во сообраќајот.

**Целна група:**
Сите жители и посетители на Жировница

**Рок на реализација**
2027 година

**Буџет**
80.000 €

## Реконструкција на локална улица во населба Бела Вода во Маврови Анови

Локалната улица во населба Бела Вода во Маврови Анови е неасфалтирана и небезбедна за движење на возилата и пешаците. Со овој проект ќе се изврши целосно уредување на улицата, што ќе опфати тампонирање, набивање на тампонот, поставување нов асфалт и решавање на дождовните води во улицата. Исто така, ќе се уреди и пристапот до куќите од оваа улица за побезбеден пристап до домовите.

**Влијание на проектот:**
Со овој проект ќе се подобри пристапот до сите куќи што се изградени на оваа улица и ќе се зголеми безбедноста во движењето на возилата и пешаците.

**Целна група:**
Граѓаните на Маврово и Ростуше

**Рок на реализација** 2026 година
**Буџет** 45.000 €

## Реконструкција на дел од селската водоводна мрежа во с. Скудриње

Проектот предвидува реконструкција на дотраен дел од постојната водоводна мрежа во село Скудриње. Поради честите дефекти, загуба на вода и намален притисок во мрежата, жителите на селото се соочуваат со проблеми во редовното водоснабдување, особено во летните месеци.

Проектот ќе опфати демонтажа на оштетени цевководи, замена на дотраените цевки со нови полиетиленски цевки, монтажа на шахти, вентили и хидранти на клучни точки и приклучување на домаќинствата на новата линија.

**Влијание на проектот:**
Со реализацијата на овој проект ќе се подобри квалитетот на водата, ќе има одржливо и сигурно водоснабдување, како и зголемена ефикасност и намалени оперативни трошоци во одржувањето на водоводната мрежа.

**Целна група:**
Сите жители и посетители на Скудриње

**Рок на реализација** 2028 година
**Буџет** 100.000 €

## Изградба на нова водоводна линија во с. Леуново

Викенд-населбата Леуново се соочува со недостиг од вода за пиење. За да се реши овој проблем, ќе се изработи проектна документација што ќе опфати каптирање на нови извори, ископ на нова траса и поставување полиетиленско водоводно црево и поврзување со постојниот резервоар, монтажа на шахти и вентилски системи.

**Влијание на проектот:**
Со реализацијата на овој проект ќе се подобри снабдувањето со вода во викенд -населбата со што ќе се подобрат условите за живеење за сите сопственици на викенд-куќи во населбата.

**Целна група:**
Сите жители на село Леуново

**Рок на реализација** 2028 година
**Буџет** 70.000 €

СЕ БОРИМЕ ЗА НАШИОТ ДОМ!

# ПРОЕКТИ

## Проширување на локалниот пат за с. Велебрдо

Локалниот пат за село Велебрдо на повеќе места е тесен и недоволен за нормално движење на возилата во двата правци. Со овој проект е предвидено проширување на целата траса кон теренот, тампонирање и поставување нов асфалт, изградба на потпорни и заштитни ѕидови за да не дојде до уривање на патот и земјата, уредување на рабниците и одведување на дождовните води.

**Влијание на проектот:**
Со овој проект ќе се подобри сообраќајната комуникација на повеќе населени места и ќе се зголеми безбедноста во сообраќајот на сите учесници.

**Целна група:**
Жители и посетители на селата Велебрдо, Битуше и Требиште

**Рок на реализација** 2028 година
**Буџет** 90.000 €

## Доуредување на паркинг-просторот во с. Требиште

Паркинг-просторот во месноста викана Враница е изграден делумно. За целосно завршување на овој проект, ќе се изврши ископ на земјата за оформување на теренот, изградба на потпорни ѕидови, насипување на теренот со чакал и песок за уредување на паркинг-просторот со бехатон-плочки, маркирање и јасно обележување на паркинг-местата, како и поставување јавно осветлување на просторот. Исто така, ќе се изврши и уредување на суводолицата којашто се наоѓа до местото за да не дојде до поплавување со дождовни води.

**Влијание на проектот:**
Со реализацијата на овој проект ќе се добие паркинг-простор каде што ќе може да се паркираат возилата на жителите и посетителите на селото, особено во летните месеци кога има зголемен број возила.

**Целна група:**
Жители на село Требиште

**Рок на реализација** 2027 година
**Буџет** 70.000 €

## Реконструкција и на патот за село Дуф

Дел од патот за село Дуф не е асфалтиран и не е безбеден за движење на возилата. Со овој проект ќе се изврши ископ и уредување на теренот, тампонирање по целата траса, изградба на потпорни и заштитни ѕидови, одведување на дождовните води, поставување нов асфалт и поставување заштитни огради на одредени места.

**Влијание на проектот:**

Со овој проект ќе се подобри патната инфраструктура кон ова село, со што ќе се зголеми безбедноста за движење на возилата, што, пак, ќе придонесе за поголем развој на селото.

**Целна група:**

Сите жители и посетители на село Дуф

**Рок на реализација** 2029 година

**Буџет** 250.000 €

## Реконструкција и проширување на локалниот пат за село Присојница

Локалниот пат за село Присојница е тесен и недоволно безбеден за нормално движење на возилата. Со овој проект е предвидено да се направи проширување по целата траса на патот, на неа да се изградат потпорни и заштитни ѕидови, да се уреди текот на дождовните води, да се постави нов асфалт и да се постави соодветна сообраќајна сигнализација, да се постават огледала на сите кривини и патот да се заштити со заштитна ограда за да се зголеми безбедноста на сите учесници во сообраќајот.

**Влијание на проектот:**

Со овој проект ќе се зголеми безбедноста на сите учесници во сообраќајот и ќе се зголеми посетеноста на селото.

**Целна група:**

Сите жители на село Присојница

**Рок на реализација**

2028 година

**Буџет**

200.000 €

# ПРОЕКТИ И АКТИВНОСТИ – СО ВЛИЈАНИЕ ВО СЕКОЈА УРБАНА И МЕСНА ЗАЕДНИЦА

- **Ростуше**

1. Осветлување на патот од општинската зграда до Ростушки мост
2. Изградба на потпорни ѕидови на повеќе локации во селото
3. Уредување, проширување и поплочување (поставување бехатонки) на сите маалски улици
4. Чистење и уредување на диви депонии

- **Скудриње**

1. Изградба на две детски игралишта во Сисвети и Мустананива
2. Уредување на улицата од Долна чешма до Џамија - коцки
3. Изградба на нов резервоар за вода во Тепиште
4. Тампонирање на патот до селото преку месноста Тумба

- **Велебрдо**

1. Проширување, уредување и асфалтирање на паркинг-просторот на влезот на селото
2. Изградба на спортско игралиште со поставување елементи за детски забавен парк
3. Уредување на патека од селскиот базен (вир) до м. в. На тумба
4. Поплочување на улица од новото училиште до „Зад рид“, со регулирање на атмосферска канализација

## Џиевци

1. Изградба на одводна канализација
2. Довршување на водоводна мрежа
3. Изградба на потпорни ѕидови
4. Изградба на спортско игралиште

## Присојница

1. Санација на водоводна мрежа во месноста викана Надабје
2. Детско инклузивно игралиште
3. Урбанистички план
4. Изградба на нов резервоар  од 50 m3 со водоводна мрежа за нова населба на река

## Жировница

1. Чистење и уредување на диви депонии низ селото
2. Реконструкција на оштетена канализациска мрежа
3. Катна гаража над постојниот паркинг во селото
4. Изградба на улица за добивање кружен тек во селото
5. Тековно одржување на речното корито на Жировничка Река

## Требиште

1. Доуредување на паркинг-просторот во селото
2. Оградување на просторот околу контејнерите со цврст материјал
3. Изградба на нова каптажа и поставување електронски хлоринатори
4. Реконструкција и проширување на патот од Велебрдо до Требиште

# ПРОЕКТИ И АКТИВНОСТИ – СО ВЛИЈАНИЕ ВО СЕКОЈА УРБАНА И МЕСНА ЗАЕДНИЦА

- **с.Маврово**

5. Зафаќање на нови извори за вода
1. Паркинг-простор на патот од Маврово кон Никифорово
2. Уредување на повеќенаменско спортско игралиште во Маврово

- **Никифорово**

1. Реновирање на спомен-куќата на Чеде Филиповски
2. Реконструкција на селските улици

- **Дуф**

1. Реконструкција и асфалтирање на патот за село Дуф

- **Ново Село**

1. Реконструкција на водоводна мрежа

- **Церово**

1. Реконструкција на патот

- **Сретково**

1. Уредување на две нови пристапни улици до населбите во село Сретково

СЕ БОРИМЕ
ЗА НАШИОТ ДОМ!

СДСМ
И КОАЛИЦИЈАТА